( Образец ПП……)

До Министерство за правда
(имател на информацијата)

**Б А Р А Њ Е**

**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/19), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:
Пресуда на Европски суд за човекови права Strasbourg
Aplicant GORESKI and Others бр. 27307/04 од 2011 г
(опис на информацијата која се бара)

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго потпишена форма со потпис и печат од ЕСЧП.

(се наведува бараната форма, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Барател на информацијата: [redacted]
(назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

[redacted]

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:
Лична достава на [redacted]
(назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер )

Во Скопје 15.02.2020 г.

Датум 15.02 2020 година

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА MINISTRIA E DREJTËSISË
БИРО ЗА ЗАСТАПУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПРЕД ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА
BYROJA PER PERFAQESIMIN E REPUBLIKES SE MAQEDONISË SE VERIUT
PARA GJYKATES EVROPIANE PER TE DREJTAT E NJERIUT
Бр.-Nr. 0306/62/2
20.02.2020 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Министерството за правда- Биро за застапување на РСМ пред ЕСЧП врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РСМ„ бр.101/19) одлучувајќи по Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.0306-62/1 доставено од [redacted], со адреса на [redacted] донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер бр. 0306-62/1 доставено од [redacted], со адреса на [redacted] **делумно се уважува .**

Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП во прилог на ова Решение доставува фотокопија односно препис на пресудата на ЕСЧП на англиски јазик во случајот Goreski and Others, A.no. 27307/04 од 2014 година.

**Образложение**

[redacted] до Министерството за правда се обратила со барање за пристап до информации од јавен карактер на 15.02.2020 година. Барањето е доставено по електронска комуникација. Барањето во Министерството за правда било заведено под бр. 1106/1 на 18.02.2020. Министерството за правда со допис бр. 0306-62/1 од 19.02.2020, барањето поднеснео од [redacted] на понатамошно постапување го достави до Министертсво за правда- Биро за застапување на РСМ пред ЕСЧП.

[redacted] со барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер побара да и биде доставен препис од пресудата на ЕСЧП во случајот Goreski and Others, A.no. 27307/04 од 2011 година во писмена форма уредно потпишана од овластено лице и со печат на Европскот суд за човекови права.

Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП го разгледа барањето и констатира дека единствено располага со копија од пресудата на ЕСЧП која е достапна на официјалната интернет страницата на ЕСЧП во базата на пресуди и одлуки на ЕСЧП (HUDOC) за случајот кој пред ЕСЧП бил заведен со идентичен број како оној кој го наведува подносителката на барањето (A.no. 27307/04) и со идентичен назив на подносителите на апликацијата пред ЕСЧП (Goreski and Others), но пресудата на ЕСЧП е од 2014, а не од 2011 година, како што наведува подносителката во своето барање.

Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП до барателкта во прилог доставува копија од пресуда на ЕСЧП во случајот Goreski and Others, A.no. 27307/04 од 2014 година, која е достапна на официјалната интернет странцата на ЕСЧП, како единствена која ја поседува, во врска со предметот на барањето.

Бирото за застапување не располага со копија од пресудата на ЕСЧП која ја доставува во прилог, со потпис и печат од страна на ЕСЧП, од причина што ЕСЧП не користи печат во својата официјална коресподенција и според процедуралните правила по кој постапува, нема обврска за препорачана достава на изворник од пресудите до странките во постапката.

Бирото за застапување на РСМ пред ЕСЧП не располага со пресуда на ЕСЧП во случајот кој го наведува подносителката на барањето - Goreski and Others, A.no. 27307/04 од 2011 година. Од увидот во интернет базата на одлуки и пресуди на ЕСЧП, која е јавно достапна, Бирото дојде до заклучок дека во истата не евидира таква пресуда ниту одлука на ЕСЧП донесена во случај против државата, под бројот наведен од страна на подносителката и под името на случајот наведен од барателката на барањето, а која е донесена од страна на ЕСЧП во 2011 година.

Конечно, имајќи предвид дека Бирото за застапување не е создавач на бараната информација, треба да се има предвид можноста препис од пресудата да се побара од создавачот на бараната информација - Европскиот суд за човекови права.

Со оглед на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРИЛОГ**:

Копија од пресудата на ЕСЧП во случајот Goreski and Others, A.no. 27307/04 од 2014 година

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова Решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од приемот на Решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

В.Д. Директор на Бирото за застапување

на РСМ пред ЕСЧП – Владин агент

м-р Даница Џонова